На 5 октомври 2016 година во МЦМС беше организирана работилница на тема **„Следење на околината во која делуваат граѓанските организации и потенцијалната улога на органите на државна управа“.**
Емина Нурединоска и Симона Огненовска од МЦМС ги запознаа претставниците од државните институции со околината во која делуваат граѓанските организации, а потоа заедно дискутираа за можностите за нејзино подобрување.



Зошто е важно да се создадат **оптимални услови за развој на граѓанското општество?** Која е **улогата на државните институции во тој процесот?** Кои се принципите и стандардите на трите клучни области за развој на граѓанското општество? Низ овие прашања се разговараше за идната соработка за надминување на предизвиците и исполнување на препораките наведени во Извештајот за овозможувачка околина за развој на граѓанското општество. Поврзано со ова беа презентирани и Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017 и Насоките за поддршка на ЕУ за граѓанското општество во земјите од проширувањето.

Државните службеници беа заинтересирани и упатија конкретни прашања и препораки. Тие истакнаа дека граѓанското општество треба да биде еднаков партнер со државата во креирањето на политики и закони.

Бројни прашања се отворија и за соработката на државните институции со граѓанските организации при обезбедувањето на услуги. Гордана Гапиќ Димитровска од Министерството за информатичко општество (МИОА), укажа на потребата од дијалог меѓу **граѓанските организации кои се даватели на услуги и државните институции**.

Зорица Стаменковска од Агенција за млади и спорт (АМС) посочи на нивната практика за вклучување на граѓанските организации и другите засегнати страни во процесот на носење предлог закони и политики. Според неа, треба да се зголеми разбирањето и меѓусебната доверба.

Претставени беа и **регионалните иницијативи за унапредување на околината за развој** на граѓанското општество, како што е регионалната веб-платформа за развој на граѓанското општество и **состојбите и околината** во која дејствуваат граѓанските организации во земјите од Западен Балкан и Турција.



Државните претставници истакнаа дека има потреба од **подобрување на системот на државно финансирање на граѓанските организации за да се поттикне нивниот развој**. Понатаму, ја истакнаа потребата од **прецизни податоци за граѓанските организации** кои им се неопходни и на државните институции во процесот на креирање политики, зајакнување на **соработката со граѓанските организации во областа на социјалниот развој** и реализирање на мерките наведени во **Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017**.

Овие активности според државните претставници би требало да придонесат кон подобрена соработка и дијалог со граѓанското општество, како и создавање на цврсти врски и мрежи помеѓу нив.

Работилницата беше спроведена во рамки на проектот „ Аки (Acquis) на балканското граѓанско општество: Јакнење на потенцијалот и капацитетите на граѓанските организации за застапување и лобирање“. Проектот е спроведуван од БЦСДН и членките на БЦСДН, во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) и Европската мрежа на национални граѓански организации (ЕННА), а финансиски поддржан од Европската Унија.